ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ASSOCIATION OF MACEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA
CROATIA, ZAGREB, Masarykova 16/1, tel/fax: + 385 1 48 72 655; OIB: 07739533563; MB: 3805760;
Žiro račun: 2340009 – 1100038804; Devizni račun: 703000 – 256122; IBAN: HR60 2340 0091 1000 3880 4;
SWIFT: PBZGHR2X; web: www.zmurh.hr ; e-mail: zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr

Урброј: ЗМ – 68/2012
Загреб, 25. 04. 2012.

# З А П И С Н И К

од **вонредниот состанок** на Управниот одбор на Заедницата која се одржа на ден **21.04.2012 година** со почеток во **11.40 часот** во просториите на МКД „Билјана”, во Задар, Б. Ј. Јелачиќа 6.

**Присутни членови:** Ангел Митревски – претседател на Заедницата, Никола Гроздановски – Загреб, Мирјана Мајиќ – Задар, Благој Штерјов – Загреб, Јагода Цветичанин – Осиек и Велимир Лозановски – Риека.

**Гости:** Елизабета Петровска – секретар на Заедницата.

Состанокот го водеше претс. на УО на Заедницата, А. Митревски. По утврдувањето дека на состанокот присуствува доволен број на членови за донесување на правно важечки одлуки (кворум), тој ги поздрави сите присутни објаснувајќи им ја потребата за овој вонреден состанок поради утврдување на предлог-кандидати за Редовното изборно Собрание на Заедницата, го прочита дневниот ред за истиот и членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија**, па седницата продолжи со работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Избор на предлог-кандидати за седницата на Редовното изборно Собрание на Заедницата;
2. Разно.

**Ад. 1.** По расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги усвоија** следните предлог-кандидати:

- за работно претседателство: Михаило Давчевски, Никола Гроздановски и Мирјана Мајиќ;
- за верификациска комисија: Крсте Атанасовски, Јорго Кремиќ и Драган Јакимовски;
- за кандидациска комисија: Ангел Митревски, Благој Штерјов и Надица Жампера;
- за записничар: Елизабета Петровска;
- за оверуватели на записникот: Виолета Штерјова и Никола Гроздановски;
- за членови на Управниот одбор на Заедницата: Ангел Митревски, Мирјана Мајиќ, Велимир Лозановски, Милена Златеска, Благој Штерјов, Крсте Атанасовски и лицето што ќе биде именувано за претседател на Заедницата, а воедно ќе биде и претседател на Управниот одбор на Заедницата;
- за претседател на Заедницата: Орце Ламбевски и Јагода Цветичанин;

- за потпреседатели на Заедницата: Ангел Митревски и Благој Штерјов;
- за членови на Надзорниот одбор на Заедницата: Јорго Кремиќ, Михаило Кузевски, Виолета Штерјова и Благоја Јовановски.

**Ад. 2.** По точката разно, претседателот Митревски ги информира присутните дека е потпишан Договорот за финансиската потпора на програмите на здруженијата од средствата на Државниот буџет за 2012 година со Советот за национални малцинства при Владата на РХ на износ од 773.000,00 кн. за програмите и 50.000,00 кн. за реновирање, адаптација и набавка на основни средства, а образецот БОН-2 (податоци за солвентноста на здружението), бланко меницата заверена на нотар на износот од договорот зголемен за законската затезна камата (на терет на Заедницата), вредат од минатата година.

Седницата заврши во **11.55** часот.

Записничар:

Дипл.инг. Елизабета Петровска,
секретар на Заедницата

Претседател на Заедницата:

Дипл.инг. Ангел Митревски

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ZAGREB
ЗАГРЕБ